# уметноста на Заведувањето

Роберт Грин

ikona

ПРВ ДЕЛ

# ЗАВОДЛИВИОТ КАРАКТЕР

Сите ние ја поседуваме моќта да привлекуваме – способноста да привлекуваме луѓе и да ги држиме во ропство. Сепак, малкумина од нас се свесни за овој внатрешен потенцијал, а наместо тоа ја замислуваме привлечноста како речиси мистична карактерна особина со која малкумина се родени и која останатите никогаш нема да ја поседуваат. Сепак, сѐ што треба да сториме е да го осознаеме нашиот потенцијал да сфатиме што е она во карактерот на некоја личност, што природно создава возбуда кај луѓето, а потоа и самите да ги развиеме овие латентни квалитети.

Успешните заведувања ретко почнуваат со некаков очигледен маневар или стратегиска намера. Тоа со сигурност поттикнува сомнежи. Успешните заведувања почнуваат со вашиот карактер, со вашата способност да зрачите со некаков квалитет што привлекува луѓе и им ги потпалува емоциите на начин што не можат да го контролираат. Хипнотизирани од вашиот заводлив карактер, вашите жртви нема да ги забележат вашите последователни манипулации. Потоа ќе биде детска игра да ги доведете во заблуда и да ги заведете.

Во светот постојат девет видови на заводници. Секој вид поседува одредена карактерна особина што произлегува длабоко од внатрешноста и создава заводлива привлечност. *Сирени* имаат изобилство од сексуална енергија и знаат како да ја употребат. *Разузданите* ненаситно го обожуваат спротивниот пол, а нивната желба е заразна. *Идеални*

*љубовници* поседуваат естетска сензибилност што ја применуваат за романса. *Кицоши* сакаат да си играат со својот изглед, создавајќи впечатлива и андрогина примамливост. *Природни* се спонтани и искрени. *Кокети* се самодоволни, со фасцинантна смиреност во својата суштина. *Шармери* сакаат и знаат како да удоволуваат – тие се општествени суштества. *Харизматици* имаат невообичаена самодоверба. *Ѕвезди* се етерични и се обвиткуваат со таинственост.

Поглавјата во овој дел ќе ве запознаат со секој од деветте видови. Најмалку едно од поглавјата ќе ви звучи познато – ќе препознаете дел од себеси. Тоа поглавје ќе биде клучот за развој на вашите моќи за привлекување.

Мислете дека деветте типови се сенки, силуети. Само со зачекорувањето во еден од нив и дозволувањето тоа да расте во вас ќе можете да почнете да го развивате заводливиот карактер што ќе ви дари неограничена моќ.

# Сирената

*Мажите често се тајно угнетени од улогата што мора да ја толкуваат – секогаш да се одговорни, да имаат контрола и да се рационални. Сирената е крајната машка фантазија, зашто нуди целосна ослободеност од ограничувањата во животот. Во нејзино присуство, кое секогаш е со зголемено ниво на свеста и со сексуален набој, мажите чувствуваат дека се пренесени во свет на чисто уживање. Таа е опасна, а во енергичната потрага по неа, мажите може да ја загубат контролата над себеси, нешто што копнеат да го сторат. Сирената е фатаморгана; таа ги примамува мажите со култивација на карактеристичен изглед и однесување. Во свет каде жените често се колебаат да проектираат таква слика, научете да ја преземете контролата над машкото либидо со отелотворување на неговите фантазии.*

## Клучеви кон карактерот

*Неодолив бил шармот на присуството [на Клеопатра], а постоела привлечност во нејзината личност и во говорењето, заедно со особената сила на карактерот, која го проткајувала секој збор и дејство и на која ѝ потклекнувале сите што биле поврзани со неа поради нејзината магија. Било уживање само да се слушне звукот на нејзиниот глас, со кој – како со инструмент со многу жици – таа можела да премине од еден говорен јазик на друг.*

– Плутарх, *Создавачите на Рим*

Сирената е најдревната заводничка. Нејзиниот прототип е божицата Афродита – во нејзината природа е да поседува митски квалитет – но не помислувајте дека таа му припаѓа на минатото, или во легендите и историјата: таа претставува моќна машка фантазија за мошне сексуална, врховно самоуверена, примамлива жена што нуди бескрајно задоволство и по малку опасност. Во денешниот свет, оваа фантазија може уште посилно да ја привлече машката психа, зашто сега – повеќе од кога било порано – тој живее во свет што ги опколува неговите агресивни инстинкти со чувства за безбедност и сигурност, свет што помалку од кога било нуди шанси за авантура и за ризик. Во минатото, некои мажи имале места за овие нагони – војување, ширни мориња, политички интриги. Во областа на сексуалноста, куртизани и љубовници практично биле општествена институција, нудејќи им ја на мажите разновидноста и потрагата по која тие копнееле. Без какви било места за празнење енергија, неговите нагони се насочуваат кон внатрешноста и го измачуваат, станувајќи уште повеќе променлив поради репресираноста. Понекогаш некој моќен маж ќе ги стори најирационалните нешта, ќе има љубовна врска кога најмалку му е потребна, само заради возбуда, поради опасноста од сето тоа. Ирационалното може да се покаже како неизмерно заводливо, уште повеќе во случајот со мажите, коишто секогаш мораат да изгледаат мошне разумно.

Ако барате заводлива моќ, Сирената е најмоќната од сите. Таа дејствува врз основа на најосновните машки емоции, а ако правилно ја толкува својата улога, таа може да трансформира вообичаено силен и одговорен маж во детинест роб.

Пред сè, Сирената мора да се разликува од другите жени. Според својата природа, таа е реткост, нешто митско, само една во некоја група; едновремено е скапоцена награда за која се натпреваруваат други мажи. Физичкиот изглед ѝ ги нуди најдобрите шанси, зашто Сирената претежно е изглед што сакате да го задржите. Многу лесно ќе ве разликуваат од другите жени ако сте мошне женствени и со силно сексуално присуство, дури и до точка на карикатура, со оглед дека на мнозинството од жените им недостасува самодовербата да проектираат таква слика.

Откако Сирената успеала да се разликува од другите, таа мора да поседува уште два суштински квалитети: способноста да биде трескавично барана од мажите, така што тие ја губат контролата; и арома на опасност. Опасноста е изненадувачки заводлива. Релативно едноставно е мажите да се впуштат во потрага по вас: за ова ќе придонесе мошне силно сексуално присуство. Но, не смеете да наликувате на куртизана или курва, за којашто мажите бргу го губат интересот. Наместо тоа, вие сте незначително недофатлива и дистанцирана, оживеана фантазија. Овие квалитети ќе придонесат мажите да се впуштат во жестока потрага по вас, а колку повеќе мажите ве ловат, толку повеќе тие

*Ние сме заслепени од женската накитеност, од површината, / Сето злато и скапоцени камења: мошне малку ја воочуваме / Самата девојка. А каде (можеби ќе прашате) меѓу такво изобилство/ Може да го пронајдеме нашиот објект на страста? Очите се измамувани / Од умната камуфлажа на љубовта.*

– Овидиј, *Лекови за љубов*

*Твојата наредна средба ќе биде со Сирените, коишто го маѓосуваат секој маж што им пристапува... Зашто со музиката од нивната песна, Сирените фрлаат магија врз него, додека седат на ливада, високо натрупана со трошните машки скелети, чија свената кожа сè уште им виси на нивните коски.*

– Кирка му зборува на Одисеј, *Одисеја*, Книга XII

ќе чувствуваат дека дејствуваат според сопствена иницијатива.

Лесно е да се навести елемент на опасност, а тој ќе ги засили вашите други сиренски карактеристики. Сирените често се фантастично ирационални, што им е неизмерно привлечно на мажи што се угнетувани од сопствената рационалност. Од суштинско значење едновремено е аромата на страв: таа создава почит, го држи мажот на соодветна дистанца, така што не ви се доближува доволно за да гледа низ вас. Создавајте таков страв со помош на нагли промени во вашето расположение, одземајте им ја рамнотежата на мажите, повремено заплашувајте ги со вашето каприциозно однесување.

Најважниот елемент кај жените што тежнеат да бидат сирени е секогаш физичкиот аспект, главниот инструмент на моќта на сирената. Физички квалитети – мирис, зголемена женственост, привикана со шминка или со детално разработено или заводничко облекување – уште помоќно делува врз мажите зашто немаат значење. Во својата мигновеност тие ги заобиколуваат рационалните процеси, поседувајќи го истото влијание како мамецот што ги привлекува животните, или влијанието на движењето на наметката во однос на бикот. Соодветниот изглед на Сирената често е погрешно поистоветуван со физичка убавина, особено со лицето. Но, убаво лице не придонесува за создавање Сирена: наместо тоа, лицето создава преголема дистанца и студенило. Сирената мора да стимулира воопштена желба, а

најдобриот начин за тоа е создавање севкупен впечаток кој едновремено го одвлекува вниманието и привлекува. Не станува збор за една единствена карактерна особина, туку за комбинација од квалитети:

*Гласот.* Недвосмислено суштински квалитет, како што ни кажува легендата, гласот на Сирената има мигновено животинско присуство со сугестивна моќ. Сирената мора да поседува додворувачки глас што навестува еротика, почесто сублиминално одошто отворено. Сирената никогаш не зборува брзо, агресивно, или со пискави тонови. Нејзиниот глас е смирен и небрежен, како никогаш да не се разбудила – или како никогаш да не го напуштила својот кревет.

*Тело и накит.* Ако гласот мора да успива, телото и неговите украси мора да блескаат. Токму со својата облека Сирената е насочена кон создавањето на ефектот на божица.

Клучот: сѐ мора да блеска, но мора да биде и хармонично, со цел ниту еден украс да не го привлекува вниманието. Вашето присуство мора да биде со набој, поголемо од животот, остварена фантазија. Украсите се користат за маѓепсување и за создавање збунетост. Сирената може да ја користи облеката и за навестување на сексуалноста, понекогаш отворено, но почесто попрво со сугерирање одошто со повик – тоа би придонело да изгледате манипулативно. Со ова е поврзана концепцијата за селективно разголување, обелоденувањето само на некој

дел од телото – но дел што ќе возбудува и ќе ја поттикнува фантазијата.

*Движење и однесување.* Сирената се движи грациозно и небрежно. Соодветните гестикулации, движењето и однесувањето се значајни колку и соодветниот глас: тие навестуваат на нешто возбудливо, поттикнувајќи желба без да се очигледни. Вашиот ореол мора да биде небрежен, како да го имате целото време на светот за љубов и уживање. Вашите гестикулации мора да поседуваат извесна двосмисленост, сугерирајќи нешто што истовремено е невино и еротично, перверзно задоволувачка комбинација. Додека еден дел од вас повикува на секс, другиот дел е срамежлив и наивен, како да сте неспособни да го сфатите влијанието што го поседувате.

***Симбол:** Вода. Песната на Сирената е течна и примамлива, а Сирената е флуидна и не можете да ја задржите в раце. Исто како и морето, Сирената ве привлекува со ветувањето за бескрајна авантура и задоволство. Заборавајќи го минатото и иднината, мажите ја следат далеку ширум морето, каде се дават во водата.*

# Разузданиот

*Жената никогаш не чувствува дека е доволно посакувана и ценета. Таа посакува внимание, но мажите често го прават спротивното и не реагираат. Разузданиот е величествен лик од женската фантазија – кога тој посакува жена, без оглед дали таквиот момент е кус, тој ќе појде до крајот на земјата за да ја пронајде. Може да е нелојален, нечесен и неморален, но тоа само ја зголемува неговата привлечност. За разлика од нормалните, претпазливи мажи, Разузданиот е восхитувачки невоздржлив, роб на својата љубов кон жените. Постои дополнителен мамец во неговата репутација: толку многу жени му се потчиниле, а за тоа мора да постои некоја причина. Жените имаат слабост кон зборовите, а Разузданиот е господар на заводничкиот говор. Поттикнете потиснати женски копнежи со прилагодување кон мешавината од опасност и уживање на Разузданиот.*

## Клучеви кон карактерот

*Но тогаш, каква е таа сила со којашто заведува Дон Хуан? Тоа е желбата, енергијата на сензуалната желба. Во секоја жена тој го посакува целиот свет на жените. Реакцијата поради оваа џиновска страст е разубавување и развој на онаа што е посакувана, којашто се зацрвенува поради засилената убавина, предизвикана од неговиот одраз. Како што огнот на ентузијастот, со помош на заводлива раскошност, ги осветлува дури и оние што имаат неформална врска со него, така Дон Хуан ја преобразува секоја девојка во далеку подлабока смисла.*

– Серен Кјеркегор, *Или/или*

Отпрвин може да изгледа необично дека некој маж што е очигледно нечесен, нелојален и незаинтересиран за брак би можел да има каква било привлечност за некоја жена. Но, во текот на целата историја, како и во сите култури, овој вид имал фатален ефект. Разузданиот го нуди она што општеството вообичаено не им го дозволува на жените: врска исполнета со чисто уживање, возбудлив допир со опасноста. Жените често се угнетувани од улогата што се очекува да ја толкуваат. Таа треба да е нежната, цивилизирачката сила во општеството и да посакува посветеност и доживотна лојалност. Но често, браковите и врските не ѝ даваат романса и посветеност, туку рутина и бескрајно незаинтересиран содружник. Постојаната женска фантазија е запознавање со маж што тотално ѝ се предава, што живее за неа, дури и ако тоа трае кусо.

За улогата на Разузданиот, најочигледното барање е способноста да му се препуштите на текот, да привлечете некоја жена во чисто сензуалниот момент во кој значењето го губат минатото и иднината. Интензивната желба има нарушувачко влијание врз жените, исто како што физичкото присуство на Сирената им прави на мажите. Жените често заземаат дефанзивна позиција и можат да почувствуваат неискреност или пресметливост. Но, ако таа чувствува дека е обземена од вашето внимание, а притоа е уверена дека ќе сторите сè за неа, таа нема да забележи ништо друго во вас, или ќе најде начин да ви